Уп. Бр.08-108/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на КОНЗУМ плус д.о.о. (KONZUM plus d.o.o.), со седиште во Маријана Чавица 1/а, Загреб, Хрватска преку Адвокатско друштво Поленак, од Скопје на седницата одржана на ден 03.11.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена директна контрола од страна на КОНЗУМ плус д.о.о. (KONZUM plus d.o.o.), со седиште во Маријана Чавица 1/а, Загреб, Хрватска, над МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о. (MIRACOLO TRGOVINA d.o.o.), со седиште во Валбандон, ул. Мала Вала – Виа Вале Пикола 37, Фажана, Хрватска по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 30.09.2021 година, дополнето на 13.10.2021 година и со поднесок на 27.10.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од КОНЗУМ плус д.о.о. (KONZUM plus d.o.o.), со седиште во Маријана Чавица 1/а, Загреб, Хрватска, со која КОНЗУМ плус д.о.о., ќе стекне единствена директна контрола над МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о. (MIRACOLO TRGOVINA d.o.o.), со седиште во Валбандон, ул. Мала Вала – Виа Вале Пикола 37, Фажана, Хрватска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**КОНЗУМ плус д.о.о.** е водечки малопродажен ланец во Хрватска. КОНЗУМ плус д.о.о. е активен во малопродажба во неспецијализирани продавници за храна, пијалоци или тутун. КОНЗУМ плус д.о.о. припаѓа на Фортенова Групацијата која преку нејзините поврзани друштва е активна во производството и дистрибуцијата на прехранбени производи и пијалоци, како и малопродажба на намирници/секојдневни стоки за широка потрошувачка (и поврзани производи).
Фортенова Групацијата има регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија -

Друштво за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Огњен Прица бр. 1-3/28 мезанин Скопје. Регистрираната приоритетна дејност на МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутун, но истиот не е повеќе трговски активен.

**МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о.** е новоформирано друштво во 2021 година. МИРАКОЛО ТРГОВИНА **д.о.о.** работи преку над 11 продавници на мало на територијата на Република Хрватска, поточно во Истра, каде што продава различни видови стока.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**